# ОПШТИ УСЛОВИ

за користење на услугите на E-STECAJ.MK

Септември 2023 година.

Содржина:


Предмет ....................................................................................................................1

Договорни страни........................................................................................................2

Профил на корисник....................................................................................................3

Корисничко име и лозинка..........................................................................................4

Времетраење на претплатата......................................................................................5

Промена на претплатата..............................................................................................6

Користење на претплатата..........................................................................................7

Престанок на претплатата...........................................................................................8

Надоместок на користење на услугите......................................................................9

Начин на плаќање.......................................................................................................10

Квалитет на услуги.....................................................................................................11

Извор на информации................................................................................................12

Виша сила...................................................................................................................13

Забрана за злоупотреба..............................................................................................14

Собирање, обработка и заштита на податоци на корисник...................................15

Испраќање на електронска пошта............................................................................16

Маркетинг …………...................................................................................................17

Одговорност за штета................................................................................................18

Промена на општи услови.........................................................................................19

Решавање на спорови.................................................................................................20

Завршни одредби........................................................................................................21

## 1. ПРЕДМЕТ

Општите услови за засновање на претплатнички однос и користење на услугите на E-STECAJ.MK (во понатамошниот текст Давателот на услуги) ги регулираат начинот и условите за засновање на претплатнички однос и користење на услугите на Давателот на услуги, како и правата и обврските на договорните страни за времетраењето на претплатничкиот однос.

## 2. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

Страни на претплатничкиот однос се E-STECAJ.MK во својство на Давател на услуги и физичко или правно лице во својство на Корисник на услуги кое што има активна претплата на еден од пакетите на услуги кои што ги нуди Давателот на услуги.

Физичките лица може да се регистрираат во системот на корисници и да креираат кориснички профил доколку имаат над 18 години.

Правните субјекти може да се регистрираат во системот на корисници и да креираат кориснички профил само доколку се запишани во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој што го води Централниот регистар на Република Македонија.

Договорниот однос се заснова со купување на месечен или годишен пакет на услуги. Корисникот е должен пред засновањето на договорниот однос да се запознае со Општите услови за користење на услугите на E-STECAJ.MK. Корисникот нема да може да ја активира претплатата и да ги користи услугите на E-STECAJ.MK доколку не даде согласност во електронска форма со која што потврдува дека ги прочитал и дека ги прифаќа Општите услови за користење на услугите.

## 3. ПРОФИЛ НА КОРИСНИК

Физичките и правни лица за користење на месечен или годишен пакет на услуги или за еднократно пребарување на субјект со користење на услугата “Пребарај субјект” се должни да регистрираат кориснички профил. Во профилот на корисникот се внесуваат податоците на корисникот врз основа на кои се утврдува неговиот идентитет.

Физичкото лице кое што сака да се регистрира во системот на корисници задолжително треба да ги внесе следните податоци: име, презиме, живеалиште, единствен матичен број на граѓанинот и електронска пошта

Правното лице кое што сака да се регистрира во системот на корисници задолжително треба да ги внесе следните податоци: назив, седиште, единствен матичен број на субјектот, единствен даночен број и електронска пошта.

Останатите податоци кои што се внесуваат во процесот на регистрација на корисник не се задолжителни и корисникот може да избере дали ќе ги внесе при регистрација на корисничкиот профил.

Корисникот е должен при регистрацијата да обезбеди:

-вистинити, точни и целосни информации за себе и истите да ги внесе во соодветните полиња при регистрација на корисничкиот профил,

-да ги одржува и навремено да ги ажурира податоците во корисничкиот профил.

Давателот на услуги ќе му овозможи на корисникот во секое време да може ги ажурира или исправи податоците на корисникот кои што се запишани во неговиот кориснички профил.

Давателот на услуги има право привремено да го блокира или да го избрише корисничкиот профил на корисникот кој што доставил невистинити, неточни или неажурирани податоци.

Давателот на услуги има право да забрани и во иднина да не дозволи користење на услугите на корисник чиј што кориснички профил бил избришан поради доставување на невистинити или неточни податоци.

Давателот на услуги има право да го пријави лажното претставување, односно користење на туѓи лични податоци за регистрација на кориснички профил пред надлежните органи за гонење на криминалот и има право на надомест на штетата која што му била причинета поради таквото постапување.

Корисникот не може да изврши регистрација на кориснички профил пред да ги прочита Општите услови за користење на услугите на E-STECAJ.MK. Со регистрација на корисничниот профил, корисникот изјавува дека е согласен да ги користи услугите на Давателот на услуги под овие Општи услови и дека нема да ги злоупотребува правата кои што ги имаат корисниците на услугите.

## 4. КОРИСНИЧКО ИМЕ И ЛОЗИНКА

Корисникот по успешна регистрација на корисничкиот профил добива уникатно корисничко име и лозинка, кои што служат за авторизиран пристап на системот.

Корисникот е должен :

-да ги чува и да обезбеди доверливо користење на корисничкото име и лозинка,

-да не ги пренесува или дава на трети лица корисничкото име и лозинка,

-да изврши промена на лозинката во случај на сомневање дека истата му станала достапна на траето лице,

-да го извести Давателот на услуги во случај на сомневање за неовластено користење на неговата лозинка или име.

Корисникот може во секое време да изврши промена на лозинката со поднесување на барање за промена на лозинката преку корисничкиот профил.

## 5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРЕТПЛАТАТА

Корисникот на услуги кој што има регистриран кориснички профил може да заснова претплатнички однос со активирање на претплата на еден од пакетите на услуги кои што ги нуди Давателот на услуги.

Корисникот може да активира месечна или годишна претплата кај секој пакет на услуги.

Месечната претплата е со траење од 30 дена и истата завршува со истекот на триесетиот ден сметано од првиот нареден ден од денот кога била активирана претплатата на корисникот.

Годишната претплата започнува да тече првиот нареден ден од денот кога била активирана претплатата на корисникот и истата завршува наредната година со истекот на денот кој што по својот број одговара на денот кога започнал да тече рокот.

Претплатничкиот однос започнува во моментот на плаќање на надоместок за користење на услугите кои што ги нуди Давателот на услуги.

Давателот на услуги е должен да ја активира претплата на корисникот во рок од 24 часа од моментот на плаќање на надоместокот за користење на услугата. Во случај на задоцнување кое што е поголемо од 24 часа, тогаш претплатата на корисникот се продолжува за толку време колку што траело задоцнувањето.

Корисникот има право на увид на времето кое што му преостанува за користење на услугите во рамки на активната претплата.

## 6. ПРОМЕНА НА ПРЕТПЛАТАТА

Корисникот на услуги кој што има активна годишна претплата може да направи промена на пакетот на услуги на следниот начин:

-може да го зголеми бројот на следени компании во рамки на истиот пакет на услуги,

-може да избере дополнителен пакет на услуги,

-може да избере дополнителен пакет на услуги и да го зголеми бројот на следени компании кај постоечкиот пакет на услуги.

Корисникот кој сака да го зголеми бројот на следени компании во рамки на постоечкиот пакет на услуги ќе ја плати само разликата помеѓу висината на надоместокот на постоечките и на ново следените компании.

Корисникот кој што сака да направи промена на пакетот на услуги во пакет со поголем број на услуги ќе ја плати само разликата помеѓу висината на надоместокот на постоечкиот и на избраниот пакет на услуги и следени компании.

Корисникот кој што сака да направи промена на пакетот на услуги и на следени компании во пакет со поголем број на услуги и на следени компании ќе ја плати само разликата помеѓу висината на надоместокот на постоечкиот и на избраниот пакет на услуги и на следени компании.

## 7. КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕТПЛАТАТА

Корисникот е должен да ги користи услугите од претплатата во согласност со овие Услови и да се воздржи од дејствија кои што претставуваат злоупотреба на претплатата.

Корисникот е должен да се најави на системот со своето корисничко име и лозинка за да може да ги користи услугите во рамки на активираната претплата.

Корисникот има право да ги користи услугите во рамки на активираната претплата само за негова сопствена употреба. Забрането е услугите да се користат за комерцијални цели или препродажба на услугите на трети лица со цел остварување на заработка, освен доколку биле

склучен посебен договор помеѓу корисникот и Давателот на услуги со кој што ќе му биде дозволено комерцијално користење на услугите на корисникот.

Физичките лица можат да ја користат активиранаата претплата само на еден уред. Претплатничкиот пакет се активира на уредот на кој што бил најавен корисникот во моментот на купување на пакетот. Корисникот не може да го промени уредот за користење на претплатата пред истекот на важноста на активираниот пакет на претплата.

Правните лица може да ја користат активиранаата претплата најмногу на три различни уреди ( 3 различни IP адреси ) во текот на 24 часа.

Големите корисници кои што имаат потреба од користење на активираниот пакет на услуги на поголем број на уреди можат да побараат согласност од Давателот на услуги за користење на претплата на поголем број на уреди.

Дејствија на корисникот кои што ќе се сметаат како злоупотреба на претплатата се:

-податоците и документите кои што ги добива при користење на претплатата ги споделува, пренесува, објавува, репродуцира или на друг начин ги прави достапни на трети лица,

-корисничкото име и лозинка ги дава на користење на трети лица,

-испраќа пораки кои што содржат софтверски вируси или други компјутерски кодови, датотеки или програми кои што имаат за цел да избришат, изменат, оштетат или на друг начин да ја повредат безбедноста на податоците или да го отежнат или оневозможат функционирањето и користење на компјутерскиот систем,

-неовластено ќе се обиде или ќе навлезе во компјутерскиот систем на E-STECAJ.MK.

## 8. ПРЕСТАНОК НА ПРЕТПЛАТАТА

Претплатничкиот однос престанува со:

- истекот на месечниот или годишниот пакет на корисникот,
- превремен прекин на услугата поради злоупотреба на правата на корисникот,
- по барање на корисникот со бришење на корисничкиот профил.

Давателот на услуги не прифаќа рекламации со барања за враќање на претплатата и уплатата на надоместокот за користење на услугите е неповратен од моментот кога трансакцијата ќе биде успешно извршена.

## 9. НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Висината на надоместокот за користење на секој од пакетите на услуги кои што ги нуди Давателот на услуги се утврдува со Ценовник за користење на услугите кој што се објавува на веб страната на Давателот на услуги.

Во цената на пакетите се пресметани сите даноци.

Давателот на услуги може да ја менува висината на надоместокот за користење на пакетите на услуги. Промената на Ценовникот за користење на услугите јавно се објавува на веб страната на Давателот на услуги.

Промената на Ценовникот за користење на услугите не се однесува на корисниците кои што имаат активна претплата во моментот на објавување на новиот Ценовник на веб страната на Давателот на услуги.

Давателот на услуги има право да одобрува поединечни попусти на корисниците за користење на секој од пакетите на услуги.

## 10. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Надоместокот за користење на услугите на Давателот на услуги може да се плати на некој од следните начини:

- со платежна картица преку електронскиот систем за плаќање на Halk Bank,

- со налог за плаќање преку банка во која корисникот на услуги има отворено трансакциска сметка по прием на про-фактура за користење на услугите.

Корисникот се согласува по извршена уплата на надоместокот за користење на услугите и активирање на определен пакет на услуги, да добие фактура за извршената услуга по електронска пошта и на својот кориснички профил во вид на електронски документ.

## 11. КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ

Давателот на услуги ќе му обезбеди на корисникот на услуги континуирано и непрекинато користење на услугите во рамки на активираниот пакет на услуги кои што ги нуди давателот на услуги. Целта е веб апликацијата да биде достапна на корисниците 24 часа на ден, 7 дена во неделата без прекин.

Давателот на услуги може привремено да го прекине пристапот до услугите во следните случаи:

- доколку е потребно да се отстранат технички пречки или замена на техничка опрема,

- во случај на одржување, надградба или други промени во системот,

- во случај на истовремена најава на поголем број на уреди од страна на еден корисник, над дозволениот број со овие Општи услови.

Во случај на прекин на пристапот до услугите поради надградба или одржрување на системот, давателот на услуги ќе настојува работите да се завршат во најкраток временски период со цел да не се нарушува континуитетот во снабдувањето со услуги.

## 12. ИЗВОР НА ИНФОРМАЦИИ

Информациите за извршување на услугите се обезбедуваат од сите судови на територијата на Република Македонија.

## 13. ВИША СИЛА

Користењето на услугите што ги обезбедува Давателот на услуги може да биде прекинато поради случаи на виша сила. Под виша сила се подрабираат настани кои што не зависат од волјата на договорните страни, а кои што истите не можеле да ги предвидат, избегнат или

спречат и поради кои Давателот на услуги не може да обезбеди континуирано вршење на услугите согласно активирната претплата на корисникот.

Давателот на услуги не сноси никаква одговорност према корисникот за прекинот на услугите направен поради случаи на виша сила.

## 14. ЗАБРАНА ЗА ЗЛОУПОТРЕБА

Давателот на услуги има право веднаш да ја прекине претплатата и користењето на услугите од страна на корисникот, доколку корисникот ги користи услугите спротивно на овие Општи услови.

Давателот на услуги има право да го блокира и да го избрише корисничкиот профил на корисникот кој што ја злоупотребува претплатата и има право на надомест на целата штета која што му била причината со штетните дејствија на корисникот.

Давателот на услуги има право да поднесе кривични пријави до органите за прогонот против корисниците кои што со злоупотребата ќе извршат кривично дело казниво со закон.

## 15. СОБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ НА КОРИСНИК

Лицата кои што пристапуваат на веб апликацијата на Давателот на услуги можат да се поделат во две категории: Посетители кои што немаат креирано кориснички профил и на Корисници кои што имаат креирано кориснички профил.

Личните податоци на корисниците кои што се доставуваат при регистрација на кориснички профил се собираат, обработуваат и чуваат во согласност со Правилата за приватност на Давателот на услуги и во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Со регистрација на корисничкиот профил корисникот изјавува дека е согласен со собирањето и обработката на неговите лични податоци под условите утврдени со Правилата за приватност.

Корисниците на услуги се одговорни за точноста на податоците кои што навеле при регистрација на нов корисник. Во случај на промена на податоците, корисникот е должен да направи измена на податоците кои што се запишани во Профилот на корисникот.

За Посетителите кои пристапуваат на веб апликацијата се евидентира нивната IP адреса од која што тие пристапуваат.

Давателот на услуги ќе превземе соодветни технички и организациони мерки за да обезбеди заштита на доверливоста на личните податоци на Корисникот од неовластен пристап, обработка, чување или бришење од страна на трети неовластени лица согласно Законот за заштита на личните податоци и другите позитивни прописи.

Давателот на услуги презема обврска дека нема да ги споделува податоците за своите корисници со трети лица, освен во следните случаи:

- по барање на судот или обвинителството при вршење на нивните надлежности и доколку постои законски основ за барањето.

- за пријава на корисникот до надлежените органи за прогон во случај на злоупотреба на претплатата и неовластен пристап до информации и податоци на компјутерскиот систем или со цел да го попречи или оневозможи користењето на истиот.

Корисникот е должен податоците за најава на корисничкиот профил да ги чува како деловна тајна и да ги користи исклучиво за сопствени потреби. Корисникот е одговорен доколку податоците му ги направи достапни на трето лице со цел да му овозможи користење на услугите на Давателот на услуги без да плати надоместок. Корисникот е должен да направи промена на податоците за пристап на корисничкиот профил доколку се посомнева дека истите се користат од неовластено лице и да го извести Давателот на услуги за случајот.

Податоците на корисниците може да се користат за маркетинг цели само со писмена согласност на корисникот.

## 16. ИСПРАЌАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА

Давателот на услуги доставува известувања на електонската адреса на корисникот која што е наведена во неговиот кориснички профил. Во известувањето кое што се доставува до корисникот се наведува дека се случила промена кај некоја од компаниите кои што ги следи корисникот во рамки на активираниот пакет на претплата и дека корисникот може да ја види и да се запознае со содржината на објавата на неговиот кориснички профил. Известувањето содржи линк преку кој корисникот може да биде директно пренасочен до објавата во неговиот кориснички профил.

Давателот на услуги може да доставува и други известувања на електронската адреса на корисникот и тоа:

- Информативни – со кои се известуваат корисниците за промена на општите правила за користење на услугите, ценовникот за користење на услугите и сл.
- Промотивни – со кои се известуваат корисниците за тековни промоции и попусти за користење на услугите , известувања за воведување на нови пакети и услуги и сл.

Давателот на услуги не одобрува користење на елекетронската адреса на корисникот за промоција и рекламирање на туѓи производи и услуги, поради што давателот на услуги нема да ја користи електронската адреса на корисникот за испраќање на несакани комерцијални пораки (spam) кои се однесуваат на производи и услуги на трети лица.

Давателот на услуги нема право со или без надомест електронската адреса на корисникот да ја достави на трети лица и се обврзува да презема мерки за да спречи неовластено користење на истата од страна на трети лица.

Корисниците со регистрација на корисничкиот профил изјавуваат дека се согласни да примаат известувања на нивната електронска адреса во согласност со овие Општи услови.

## 17. МАРКЕТИНГ

Правните лица може да користат маркетинг услуги на веб странaта на Давателот на услуги со или без регистрација на кориснички профил.

Давателот на услуги нуди можност на правните лица да се рекламираат на веб страницата со користење на рекламниот простор согласно Правилата за рекламирање и Ценовникот за рекламирање.

Давателот на услуги нема да дозволи рекламирање на содржини кои што не одговараат на целите на веб страницата.

Правните лица кои сакаат да објават своја реклама на веб страницата можат да поднесат барање и да ги достават потребните податоци за својата реклама на електронската пошта на Давателот на услуги.

## 18. ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

Давателот на услуги не гарантира за точноста, соодветноста или ажурираноста на податоците кои што се обработуваат и објавуват на веб апликацијата.

Давателот на услуги се стреми да обезбеди точни и навремено ажурирани податоци за компаниите кои што се објавуваат на веб страницата, но не ја исклучува можоста за појава на грешка, неточност, несоодветност или неизворност на податоците кои што се објавуваат, доцнење или прекин во преносот на податоци до корисникот.

Давателот на услуги не одговара за било каква штета што може да ја претрпи корисникот поради ненавремени или неточни информации кои што биле доставени до корисникот во рамки на активираната претплата.

Давателот на услуги не одговара за било каква штета која што може да ја претрпи корисникот поради привремена неможност да ја користи веб апликацијата.

## 19. ПРОМЕНА НА ОПШТИ УСЛОВИ

Давателот на услуги може да ги менува Општите услови за користење на неговите услуги без согласност на корисниците на услуги. Измените или дополнувањата на Општите услови се објавуваат на веб станицата на Давателот на услуги.

За сите прашања кои што не се уредени со Општите услови ќе се применуваат позитивните прописи на Република Македонија.

## 20. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Споровите кои што ќе настанат помеѓу давателот на услуги и корисникот ќе се решаваат на мирен начин со медијација, преговарање или на друг мирен начин во духот на меѓусебно разбирање и почитување, а во спротивно за решавање на спорот ќе одлучува Основниот граѓански суд Скопје согласно позитивните прописи.

## 21. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овие општи услови влегуваат во сила на денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од денот на нивното објавување на веб страната на E-STECAJ.MK.